РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика,рударство
и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë,Minerave dhe
Burimeve Minerale
Бр.Nr 27-2632/9
05-06-2026 20 год.viti

Друштво за производство, трговија и услуги
МЕТАЛ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-21
05.06 202 6 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги МЕТАЛ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Тикијарница" с.Пчиња, општина Куманово бр.57-3542/12 од 19 мај 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/26) и членот 23 од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Тикијарница" с.Пчиња, општина Куманово бр.24-5581/1 од 13.11.2014 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштво за производство, трговија и услуги МЕТАЛ ПРЕС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
со адреса: ул Перо Наков бр.110 А Скопје-Гази Баба
Република Северна Македонија
застапувано од лицето Дарко Тодоровски
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _________ 2026 година во Скопје, склучија:

# АНЕКС
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ТИКИЈАРНИЦА" С.ПЧИЊА, ОПШТИНА КУМАНОВО

## Член 1

Во Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Тикијарница" с.Пчиња, општина Куманово бр.24-5581/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се продолжува за период од дваесет години".

Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Тикијарница" с.Пчиња, општина Куманово бр.24-5581/1 од 13.11.2014 година.

Член 5

Сите останати одредби од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Тикијарница" с.Пчиња, општина Куманово бр.24-5581/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ
СУРОВИНИ
Сања Божиновска

За Концесионер
Друштво за производство, трговија,
и услуги МЕТАЛ ПРЕС ДООЕЛ
увоз-извоз ДОО Скопје

Дарко Тодоровски

Изработил: Снежана Трајновска-Богоева
Контролирал: m-r Jeton Kuçi
Согласен: Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

# Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** Тикијарница - Куманово

**Минерална суровина:** Варовник

**Површина = 0.343750 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7561750 | 4658250 |
| 2 | 7561750 | 4658500 |
| 3 | 7562000 | 4658750 |
| 4 | 7562500 | 4658750 |
| 5 | 7562500 | 4658250 |